# Бебињата - од раѓање до лазење
# Раѓање - 9 месеци

Macedonian

**safe kids now**

May 2004

## Бебето учи

Секое дете се развива на свој начин, обично низ слични фази и редослед на развој. Бебето ќе почне да мрда и да се врти на 3 месеци, да седи на 6 месеци и да лази на околу 9 месеци. Детето исто така ќе почне да посегнува по предмети и да ги става во уста. Разбирањето на развојот на детето ќе ви помогне да бидете задоволни и да уживате со детето и да го чувате безбедно.

## Чести грижи за сигурноста

- Бебето може да се стркала од масата за повивање, или креветот.
- Да се удри на мал предмет на подот.
- Да се изгори од жежок пијалок кој може да се истури на детето додека го држите в раце.
- Случајно да се предозира со лекови.

## Капење

- Кога го капете или облекувате бебето поставете се што ви треба на дофат на рака. Никогаш не го оставајте детето само.
- Поставете простирка која не се лизга на дното од кадичето за бебето да не се лизга.
- Проверувајте ја температурата на водата со термометар за вода или со внатрешниот дел од вашиот рачен зглоб пред да го ставите бебето во кадичето. Температурата не смее да биде повеќе од 38° C инаку бебето ќе се изгори.
- Бидете секогаш покрај бебето кога го капете. Никогаш не ги тргајте очите од бебето кога е во близина на вода.
- Осигурајте славината за топла вода да не се отвори.




## Облекување

- Никогаш не го оставајте бебето само на масата или креветот кога го пресоблекувате.
- Никогаш не го облекувајте детето во облека со долги врвци или ленти што може да доведе до задавување.
- Одбирајте алишта кои не можат да се запалат. Погледнете ја етикетата на алиштата и барајте такви со мала можност за запалување, особено кога купувате пиџами за детето.



## Хранење

- Ако го храните со шише, секогаш проверувајте ја температурата на млекото пред да му го дадете на бебето. Микробрановите печки не го загреваат млекото рамномерно, затоа секогаш затресете го шишето за да се измеша пред да почнете да го храните.
- Никогаш не потпирајте го шишето за бебето само да се храни.
- Секогаш оставајте ги долу жешките пијалоци кога го држите бебето. Ако ви се истури жешка течност врз бебето ќе предизвика тешки изгоретини на кожата.
- Кога ќе почнете да го храните со цврста храна на 4-6 месеци, мешајте ја добро храната за да не се задави бебето, а потоа постепено преминувајте на гмечена храна.
- Кога му давате лекови на бебето секогаш внимателно читајте ја етикетата и никогаш не давајте му повеќе од пропишаната доза.



## Спиење

- Користете само креветчиња кои одговараат на австралиските стандарди. Лесно ќе ги распознаете по етикетата Safebaby.
- Соберете ги сите врвки од постелнината да не може бебето да ги дофати. Поставете го креветчето подалеку од врвците на завесите за да не се случи бебето да се задави.
- Не користете перници на креветчето.
- Поставете го бебето на грб кога спие.
- Не оставајте го бебето да спие во количка за да не се задуши
- Осигурете лулката да не се ниша додека бебето спие.




## Играње

- Направете безбеден простор за играње на бебето далеку од печката, скалите и други опасни предмети.
- Не оставајте во просторот за играње на детето ситни предмети кои може да се голтнат, како пари, копчиња и тн.
- Чувајте ги отровните работи високо вон дофат на детето. Особено водете сметка за средствата за чистење во домаќинството и лековите.
- Покријте ги кадичките со пелените и чувајте ги високо за да се спречи труење или давење.
- Одвојте го кучето од бебето особено кога му е време за хранење на кучето.
- Ако користите отскокнувач поставете го на под никако на високо.
- Користењето на количките за одење на бебињата не се препорачуваат заради големиот број на повреди.
- Базенот или спата треба да бидат прописно заградени. Прашајте во општината за законите за оградување на базените и спата.
- Малите деца често земаат лекови од чантите – чувајте ги чантите вон досег на децата.



## Играчки

- Играчките треба да се трајни и да може да се мијат, да немаат остри ивици и да немаат мали делови кои може да се голтнат.
- Проверете да нема крзно или парчиња сунѓер кои може да се отстранат од играчките и да се голтнат или стават в уши или нос.

## Надвор и околу

- Користете седишта во колата кои одговараат на стандардите. Јавете се во општината ако сакате да изнајмите.
- Седиштето треба прописно да се постави. Непрописно поставеното седиште во колата ја зголемува можноста детето да се повреди.
- Подесете го појасот да му одговара на детето при секое возење.
- Бебето треба да е поставено во седиште што гледа напред кога ќе достигне околу 9 кг во тежина или 70 см во висина.
- Никогаш не оставајте го бебето само во кола. Кога ја напуштате колата земете го и бебето дури и за кратко.
- Користете количка која одговара на стандардите и ставете ги торбите под количката за да не се преврти.
- Секогаш користете појас во детската количка или количката во супермаркетот и подесете го да му одговара на детето.
- Внимавајте да не му се заглават прстите на детето во количката.
- Заштитете го бебето од сонце со лесна облека со долги ракави и капа, со барање сенка и средство за сончање.




## safe kids now — Општи совети за сигурноста

1. Пружајте пример. Детето гледа се што вие правите и ќе ве имитира.
2. Викнете стручњак да го постави или провери детското седиште во колата.
3. Купувајте само мебел со етикетата 'Safebaby'.
4. Инсталирајте аларм за чад во спалната на детето како и во другите делови на куќата.
5. Поставете ограда на базенот која одговара на законските барања за да се избегне можното давење. Распрашајте се во општината.

### За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Кај локалната медицинска сестра за мајки и деца | |
| Телефонската линија на службата за здравје на мајки и деца 24 часа | 13 22 29 |
| The Royal Children's Hospital Safety Centre *за широк асортиман на безбедни производи* | 9345 5085 |
| VicRoads *за совети како да изберете и користите детстко седиште за в кола* | 1300 360 745 |
| RACV *за професионално поставување на седиштето во колата* | 9790 2190 |
| Информативен центар за отровни материи во случај на несреќа | 13 11 26 |

Victoria The Place To Be
Royal Children's Hospital
ROSEBANK
State Government Victoria Department of Human Services

Babies from birth to crawling
**Birth - 9 months**

Kidsafe CHILD ACCIDENT PREVENTION FOUNDATION OF AUSTRALIA
Telephone (03) 9345 6471 Facsimile (03) 9345 6378
email victoria@kidsafe.org.au
Royal Children's Hospital, Flemington Road, Parkville, 3052
www.kidsafe.com.au